Бр./Nr 12-3743/3

02-02-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-тата седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3743/1 од 30.10.2020 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3743/1 од 30.10.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 30.10.2020 година, поднесена е пријава против ---------------------------- – судија при Основен граѓански суд Скопје, ---------------------, --------------------------- и --------------------- – судии при Апелациониот суд Скопје и оформен е предмет број 12-3743/1 од 30.10.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека истата ја поднесува против посочените судии поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција поради тоа што истите донеле неосновани и незаконски одлуки со што постапиле спротивно на начелото на легитимност и законитост. Во продолжение на пријавата подносителот дава детално образложение за своите наводи и според него сторените повреди на постапката, а во прилог доставува списи и пресуди од посочените постапки.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот во Одделението за спречување на корупцијата согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а предметот да се достави на надлежно постапување до Судски совет на Република Северна Македонија, согласно нивната надлежност утврдена во член 36 став 1 алинеи 15 и 16 од Законот за судски совет на РСМ да

постапуваат по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите и да се грижи за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**